ROMA PLUS

# NEWSLETTER

Број 2 — мај 2022

# РОМА ПЛУС втор билтен

## Рома Плус напредува!

Конзорциумот на проектот РОМА ПЛУС ги продолжува своите редовни онлајн состаноци за планирање на следните чекори и постигнување, заедничко разбирање во врска со развојот на резултатите од проектот, неговите резултати и неговите наставни програми за обука насочени кон едукатори и возрасни Роми.

**Онлајн материјалот за обука** наменет за едукатори и професионалци кои работат со возрасни Роми е дизајниран и развиен врз основа на потребите кои што беа идентификувани во текот на првите фази од проектот.

### РОМА ПЛУС ИЗВЕШТАИ ОД АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Првата фаза од проектот се состои од длабинска анализа на потребите во однос на состојбите со писменоста на возрасните Роми во Северна Македонија, Бугарија и Грција. Партнерите спроведоа опсежно деск –истражување и теренско истражување, вклучително фокус групи, интервјуа и онлајн прашалници на национално ниво за да ги идентификуваат специфичните особености и потребите за учење на директните корисници на проектот: „возрасни Роми со ниска писменост и нумерички вештини“. Сите партнери ги следеа насоките за истражување развиени од Symplexis и, на крајот, беа изработени три **национални извештаи** кои ги наведуваат наодите од истражувањето.

Главната цел на оваа проектна фаза беше да се идентификуваат потребите и да се дефинираат резултатите од учењето потребни за развој на иновативна тренинг програма за обука наменета за возрасни Роми и нивните едукатори.

### Придружете се на РОМА ПЛУС и раширете ја веста!

**» За да дознаете повеќе за проектот РОМА ПЛУС, посетете ја нашата веб-страница и следете не на социјалните мрежи:**

### ДИЗАЈН И ИСПОРАКА НА МАТЕРИЈАЛ ЗА НАДГРАДУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА ЕДУКАТОРИ НА ВОЗРАСНИ

Резултатите од првиот чекор на проектот се вклучија во развојот на онлајн материјал за обука наменет за едукатори и професионалци кои работат со возрасни Роми. Он-лине курсот развиен за **„ROMA Plus Подобрување на писменоста и нумеричките вештини на Ромите“** наскоро ќе биде достапен на веб-страницата на проектот. Курсот се состои од 4 модули и вовед, што одговара на севкупните цели за учење идентификувани претходно:

- **Вовед:** Каква е ромската култура и севкупните потреби на ромското население
- **Модул 1:** Разбирање на ромската култура
- **Модул 2:** Тестирање на нивото на писменост и нумерички вештини и анализа на резултатите
- **Модул 3:** Техники за обука на возрасни обучувачи

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската Комисија. Овој документ ги одразува само гледиштата на авторот и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во него. [Број на проект: 2020-1-MK01-KA204-077862]

• **Модул 4:** Добри практики за зајакнување и зголемување на ниската писменост (нумерички и јазични вештини), за ромската популација

Секој модул се состои од 4-6 делови-единици, а вкупното времетраење на курсот е 20 часа. Курсот е специјално дизајниран да им помогне на едукаторите и професионалците кои работат со возрасни Роми.

## ДИЗАЈН НА РОМА +: АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕЊЕ НА ВРСНИЦИ

Една од најважните цели на проектот е постигната. По резултатите од анализата на потребите што се спроведоа во земјите учеснички во однос на состојбата со писменоста и нивото на образование на Ромите и специфичните потреби на целните групи на проектот (возрасни Роми со ниска писменост и нумерички вештини), партнерите ја презедоа задачата да дизајнираат специфичен **сет на активности за учење на врсници**. Целта е да се привлечат и задржат: интересот, мотивацијата и учеството на целните групи и да се олесни нивното ангажирање во активностите за учење во насока на зголемување на нивната јазична писменост и математички вештини.

Како дел од дизајнот на активностите за учење на врсници, конзорциумот спроведе обемно деск- истражување и преглед на литература за пристапите за учење на врсници во образованието за возрасни и идентификуваше препораки и елементи на интервенции и адаптации за приспособување на активности за учење на врсници за возрасни Роми со ниска писменост и нумерички вештини. Резултатите од истражувањето се детално наведени во Извештајот за тековни стратегии за учење на врсници во образованието за возрасни.

## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

### *Активности за заедничко учење на врсници и Дигитализација на материјалот*

Конзорциумот РОМА Плус ќе продолжи да работи во насока на финализирање на дизајнот и развојот на активностите за учење на врсници преку подготовка на наменски прирачник „Train-the Trainers“ за испорака на обука за врсници за ромското население, како и кон дигитализација на целиот развиен едукативен материјал и нивно поставување на е-платформата која ќе биде поврзана со официјалната веб-страница на проектот.

### *ROMA+ Заеднички Тим за Обука*

Во текот на летото 2022 година, конзорциумот РОМА Плус ќе организира 5-дневна обука за Заеднички тренинг за Тимот во Скопје, Северна Македонија со цел:

• Да се обезбеди сесија „Обучи ги обучувачите“ за ОЕР за писменост на возрасни Роми и искуство за учење на врсници развиено во рамките на ИО1 и ИО2.
• Да се промовира и интегрира материјалот за ОЕР и врсниците за учење кај сегашните претставници на Ромите и давателите на обуки за возрасни, преку дизајнирање и испорака на обуки за возрасни наставници и обучувачи.
• Да се зголеми знаењето за новото искуство за учење и корисноста на ОЕР развиени во рамките на ИО1 и ИО2 кај возрасните обучувачи/наставници Роми.
• Да се тестира и финализира OER и искуството за учење од врсници за усовршување на ниско писмените возрасни Роми развиени во рамките на IO1 и IO2.
• Да се подготви критичната маса на возрасни Роми обучувачи/наставници кои ќе се вратат и ќе обезбедат менторство/обука од врсници за возрасни ромски ученици со ниска писменост.

Учесници на овој настан „Обучи ги обучувачите“ ќе бидат професионалци од партнерските организации кои ќе се вклучат во испораката на едукативните материјали до директните корисници.

### *Насоки за возрасни Роми / ROMA+ пилот проект*

По завршувањето на настанот за обука Заеднички тренинг за Тимот, во рамките на проектот РОМА Плус, ќе бидат обезбедени насоки и водич за најмалку 10 учесници Роми по партнер. Овие учесници кои ќе бидат избрани за учење на врсници, ќе бидат ангажирани во активности за учење на врсници од страна на обучените обучувачи кои ќе учествуваат на настанот за обука Заеднички тренинг за Тимот. Во суштина, оваа завршна фаза од проектот ќе овозможи да се стави во фунција и во пракса едукативниот материјал и пристапите кои се развиени.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската Комисија. Овој документ ги одразува само гледиштата на авторот и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во него. [Број на проект: 2020-1-MK01-KA204-077862]